Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеснаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 декември 2022 година**

Скопје, декември 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеснаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 декември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:35 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политичките прашања на ресорите и министер за политички систем и односи помеѓу заедниците.

На седница учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*      *

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-програма за остварување на социјалната заштита за 2023 година

2. Предлог-програма за развој на дејноста за заштита на децата за 2023 година

3. Информација за спроведување на јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шекер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот јануари 2023-декември 2024 година за потребите на населението на Република Северна Македонија

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

6. Информација за состојбите со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион

7. Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2023 година

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за остварување на социјалната заштита за 2023 година.

**Точка 2**

Владата ја донесе Програмата за развој  на дејноста за заштитата на децата за 2023 година.

**Точка 3**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот јануари 2023-декември 2024 година за потребите на населението на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

**Точка 4**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 5**

Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да уплати финансиски средства во износ од 110.000.000 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (од програмата П-Мерки за справување со COVID-19 кризата и други антикризни мерки, потпрограма П1-Мерки за справување со COVID-19 кризата и други антикризни мерки, категорија 48-Капитални расходи, ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства), на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, кое поради енергетската криза не е во можност редовно да ги сервисира своите обврски за електрична енергија.

За ова, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви соодветна Одлука, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и ја усвои со следниве заклучоци:
1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во Програмата за изработка на урбанистички планови за 2023 година да предвиди финансиски средства за изработка на нови урбанистички планови за општините Охрид, Струга и Дебрца (на предлог на општините Охрид, Струга и Дебрца) кои ќе бидат усогласени со заштитните зони од Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со општините Охрид, Струга и Дебрца, во рок од 30 дена да достави до Владата Информација со Инвентар на бесправно изградени објекти во општините Охрид, Струга и Дебрца и ажурирана мапа со нивно класифицирање (бесправно изградени објекти, отстранети бесправно изградени објекти и објекти за кои е предложено уривање, согласно правосилно решение за уривање).

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со општините Охрид и Струга, во рок од 30 дена да изработи програма за отстранување на бесправно изградени објекти од траен и времен карактер и структури (платформи, тераси, бетонски ѕидови и сл.) кои навлегуваат во КП1/1-Охридско Езеро, или пак во заштитниот појас од 50 метри, како и во рамки на комплексот Свети Наум и Студенчишко Блато.

4. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во спроведување на постапките за давање под закуп/отуѓување/пренамена на земјоделско земјиште во градежно земјиште, пасишта или шуми во сопственост на Република Северна Македонија, како и на постапките за отуѓување на државно градежно земјиште во Охридскиот Регион, да обезбедат мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 30 дена да ја информира Владата за процесот на работа на Работната група за дефинирање на контактна зона на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, со вклучување на Преспанското Езеро во контактната зона.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за култура во рок од 60 дена до Владата да достават Предлог на Националната методологија, со упатство за изработка на Оцена на влијание врз природното и културното наследство, согласно Водичот за оцена на влијанијата во контекст на светско наследство на УНЕСКО (UNESCO (2022) Guidance and Toolkit for Impact Assessments in a World Heritage Context, Paris, World Heritage Centre).

7. Се задолжува Министерството за култура во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење заради зајакнување на утврдените режими на заштита.

8. Се укажува на Управата за заштита на културното наследство, во соработка со Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 60 дена да изработи упатство за чинителите/имателите на заштитени добра во Охридскиот Регион со насоки за примена на мерките за заштита.

9. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности за потребите на изработката на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридско Езеро во рок од 30 дена до Агенцијата за просторно планирање да достави официјални податоци за котата долж Охридското Езеро.

10. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности да ја информира Владата за процесот на изработка на ажурирани геодетски подлоги за сите 19 комплекси/интегрално за Старото градско јадро на Охрид со цел изработка на урбанистички планови.

11. Се укажува на Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави информација за степенот на реализација на Елаборатот за ревалоризација на културното наследство во Охридскиот Регион со Листа на заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство (прикажани на мапа) со цел нивна валоризација како приоритет.

12. Се укажува на Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави Листа на загрозено културно наследство во Охридскиот Регион со приоритети за конзервација и реставрација.

13. Се укажува на Јавната установа Национален парк „Галичица“ во рок од шест месеци да изработи Студија за оценка на влијанието од турите со оф-роуд возила во рамки на Националниот парк „Галичица“ врз неговите заштитени живеалишта и видови со предлог мерки и истата да ја достави до Владата.

14. Се укажува на Државниот инспекторат за животна средина континуирано да врши надзори над нелегалните испуштања на отпадни води во езерото и сливот на Охридското Езеро и за констатираните состојби во рок од 60 дена да ја известува Владата.

15. Се укажува на Општина Охрид во рок од 15 дена да донесе одлука за прекин на примената на сите постојни акти и плански инструменти со кои се дозволува каква било форма на урбанизација, инфраструктурно уредување, вклучително и зони за одмор и рекреација во Студенчишко Блато, до донесување на План за управување со Парк на природа Студенчишко блато, План за управување со споменикот на природата Охридско Езеро и Урбанистички план од државно значење за крајбрежјето на Охридското Езеро.

16. Се укажува на Општина Охрид во рок од 30 дена, во соработка со Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид да донесе одлука за регулирање на моторизираниот сообраќај во стариот дел на Охрид, со временски рокови за пристап и ограничувања за паркирање на строго одредени локации, повикувајќи се на примери на добри практики.

17. Се укажува на Општина Охрид, програмата за видот и формата на натписите на фирмите, на билбордите, неонските и друг вид на реклами, осветлувањето, урбаната опрема на отворените простори во Старото градско јадро да ја донесе по претходно позитивно мислење од Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид и Управата за заштита на културното наследство.

18. Се укажува на Управата за заштита на културното наследство, во соработка со општините Охрид, Струга и Дебрца и во соработка со Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид да преземе активности за поставување на меѓународниот знак за светско наследство на УНЕСКО во границите на Охридскиот регион и за преземените активности во рок од 30 дена да ја информира Владата.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2023 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15.10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**